РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 04-2141/1
20.11.2018 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

**Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М" бр.5/02), а согласно член 5 од Правилникот за доделување на стипендии на ученици во основно и средно образование и на студенти запишани во државните училишта и државните универзитети од општина Македонска Каменица бр.08-603/1 од 13.03.2018 година. Градоначалникот на општина Македонска Каменица распишува:**

# К О Н К У Р С

## за доделување на стипендии за ученици во основното и средното образование и студенти од општина Македонска Каменица за учебната/студиска 2018/2019год.

Општина Македонска Каменица за учебната, односно студиската 2018/2019 година ќе додели 20 стипендии за ученици во основното и средното образование и студенти од општина Македонска Каменица од кои:

- 6 (шест) стипендии на редовни ученици од основно образование;
- 8 (осум) стипендии на редовни ученици во државните средни училишта и;
- 6 (шест) стипендии на редовни студенти запишани на државните универзитети.

Стипендиите се во износ од 3.000,00 денари (три илјади денари) и се доделуваат за период од 10 (десет) месеци во текот на една учебна односно студиска година.

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

**Право на стипендија имаат ученици и студенти кои се:**

- Жители на општина Македонска Каменица (од градот Македонска Каменица и населените места кои припаѓаат на општина Македонска Каменица);

- Не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании;

- Учениците во основно образование можат да се пријавуваат започнувајќи од осмо одделение;

- Учениците во средно образование може да се пријават започнувајќи од втора учебна година;

- Студентите може да се пријавуваат започнувајќи од втора студиска година.

## II.НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

**Потребни документи:**

На конкурсот се поднесува пријава кон која се приложуваат следните документи:

**За ученици;**

- Потврда за започната учебна година за ученици;

- Копија од свидетелство за завршено седмо или осмо одделение основно образование;

- Копија од свидетелство за завршена прва,втора или трета година средно образование;

**За студенти;**

- Потврда за редовно запишан зимски семестар за соодветна студиска година;

- Уверение со број на предвидени и положени испити во претходните години во кое ќе биде наведено дека кандидатот ги има положено 100% испитите од претходните години;

Учениците и студентите треба да достават ги достават и следните докумети:

- Копија од лична карта, односно копија од извод од матична книга на родените;
- Копија од уверение за државјанство;
- Изјава за семејната положба заверена од месната самоуправа;
- Уверение за приходи од земјоделска или друга дејност на ученикот/студентот и на членовите на неговото семејство;
- Потврда за висината на платите на членовите на семејството на ученикот/студентот;
- За членовите на семејството на ученикот/студентот кои се пензионери - чек од пензија за последниот месец;
- За невработените членови од семејството на ученикот/студентот – потврда од Агенцијата за вработување дека се невработени или примаат паричен надоместок.

## III.КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА:

-Остварен просечен успех во текот на студирањето од најмалку 8.00 (осум) за студентите односно остварен просечен успех од 5.00 (пет) во текот на последната учебна година.

**По овој основ може да се добијат најмногу 70 бода.**

-Талентираност на студентот-ученикот доколку има освоено прва, втора или трета награда во групна или поединечна конкуренција на меѓународен или државен натпревар.

**По овој основ може да се добијат најмногу 20 бода.**

-Материјалните можности на студентот-ученикот и неговото семејство (студенти односно ученици кои потекнуваат од семејства каде има невработени родители, од семејства кои остваруваат ниски месечни примања или пак се социјални случаи)

**По овој основ може да се добијат 10 бода.**

Пријавувањето започнува од 03.12.2018 година и ќе трае 15 работни денови.

Пријавите со потребните документи се поднесуваат во затворен плик во Архивата на општина Македонска Каменица или по пошта на адреса:

Општина Македонска Каменица
Ул. „Каменичка" бр.2
М.Каменица

Некомплетните и ненавремени пријави нема да бидат предмет на разгледување.

**Градоначалник**

**Соња Стаменкова**